Macedonian (Македонски)

Добредојдовте на интернет страницата на Службата за Заштита на Децата и Поддршка на Семејството.

Оваа Служба обезбедува спектар на услуги на граѓаните на Западна Австралија, децата и нивните семејства, во соработка со организации од граѓанскиот сектор и други владини организации. Услугите кои се обезбедуваат вклучуваат: давање поддршка на деца и млади луѓе во грижа на Раководителот на Службата; заштита на деца и млади луѓе од злоупотреби и негрижа; и поддршка на семејства и поединци изложени на ризик или во криза, да го средат својот живот и да обезбедат сигурност за себе и за своето семејство.

Практичниот Прирачник на Службата, заедно со другите службени структурни планови, смерници и оперативни прирачници, се достапни на граѓаните на оваа интернет страница.

Ако имате тешкотии со разбирањето на информациите на оваа интернет страница, и не сте во состојба да најдете некого да ви ги преведе, ве молиме контактирајте ја најблиската канцеларија на Службата и ние ќе обезбедиме телефонски преведувач за вас.

Ве молиме притиснете овде (1) за листа на нашите канцеларии. За понатамошни информации за тоа како да добиете пристап до преведувачки услуги, ве молиме притиснете овде (2).